

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ОБРАЗОВАНИЕ ПО МЕРКА НА БИЗНИСОТ – УЛОГАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА ВО ПРОЦЕСОТ

Скопје, 2025

**I. ИНИЦИЈАТОР НА ВОВЕДУВАЊЕТО ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СИСТЕМОТ НА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**II. СТОЛБ НА ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**III. УЛОГАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА ВОВЕДУВАЊЕ НОВА КВАЛИФИКАЦИЈА**

**IV. ДРУГИ УСЛУГИ НА КОМОРАТА ЗА ПОДДРШКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

## Факти и бројки (2021 - 2025 година)

- Зголемен процент на запишани ученици во ***стручното образование и обука*** од 64 на 70 % од вкупниот број ученици.
- Воспоставен дијалог меѓу образовниот сектор и деловната заедница.
- Зголемен бројот на вклучени компании од 16 на 600.
- Зголемен бројот на средни стручни училишта од 8 на 66.
- Зголемен бројот на дуални паралелки од 11 на 259.
- Зголемен бројот на опфатени квалификации од 4 во 2 сектора на 78 квалификации во 14 сектори.
- Зголемен бројот на сертифицирани ментори за практична обука од 450 на 1.500.
- Зголемен бројот на верификувани компании за практична обука на ученици од 10 на 200.

### 70% ОД УЧЕНИЦИТЕ СЕ ДЕЛ ОД СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**Дуално образование**

- 66 средни стручни училишта
- 259 дуални паралелки
- 4.171 ученик
- 600 компании
- 78 квалификации

**Класично стручно со практична обука**

- 73 средни стручни училишта
- 7.684 ученици

# I. ИНИЦИЈАТОР НА ВОВЕДУВАЊЕТО ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СИСТЕМОТ НА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**Дуалното образование** е најефикасниот модел за обезбедување стручен кадар за бизнисот затоа што **го комбинира теоретско учење во училиште со практичното искуство во компанија**. На барање на бизнис-заедницата, воведувањето дуално образование во образовниот систем во РСМ го иницираше Стопанската комора на Северна Македонија уште во 2007 година, со цел образованието на младите лица да биде во согласност со потребите на стопанството, а со тоа да се намали невработеноста кај младите.

- Започна како пилот-проект во 2017 година за две квалификации од секторите *електротехника и машинство.*
- Системски се уреди со донесувањето на новиот Закон за стручното образование и обука (Сл. весник бр. 3 од 3.1.25), со што стана формален дел од стручното образование и обука во Македонија.

## Што е дуално образование?

Образовен процес кој задолжително се реализира на две места:

- во стручно училиште и
- кај работодавец.

Учениците ја учат теоријата во училиште, а практичните знаења, вештините и искуството ги стекнуваат со учење преку работа кај еден ист работодавец во текот на целото образование, на реално работно место, и на тој начин се подготвуваат за реално работно опкружување.

Работодавецот и образовната институција имаат една заедничка цел – **кадарот што се образува во двете средини да се стекне со соодветни знаења, вештини и компетенции, кои ќе бидат применливи на идните работни места.**

Предноста на дуалното образование за работодавецот е поради следново:

- поголема ***слобода*** во определувањето на стручните вештини и компетенции кои ќе се развиваат кај учениците;
- ***флексибилност*** на времето и начинот на постигнување на вештините;
- ***посветеност*** на работодавецот за постигнување на компетенциите специфични за организацијата кај учениците.

За тоа време работодавецот има можност да ги препознае нивните способности и амбиции.

**Дуалното образование е клучно во транзицијата на младите од училишната во работната средина бидејќи овозможува:**

- стекнување **релевантни, практични и функционални знаења** применливи во реални услови и оспособување за работа веднаш;
- работа **во реални услови и работно опкружување директно со работодавците**, што им помага на учениците да стекнат стручни знаења, да развијат практични вештини и да се запознаат со работната средина;
- стекнување **вештини значајни за нивниот професионален развој**, кои се применливи на повеќе работни позиции, како на пример: точност, одговорност, лидерски вештини, решавање проблеми, критичко размислување, почит спрема претпоставениот итн.;
- зголемување на **нивните можности за вработување по завршувањето на образованието, затоа што** стекнатите вештини и искуства ги прават учениците попривлечни за работодавците**;**
- средства за **надомест на ученичката работа и стипендии** од компаниите, што помага во покривањето на дел од трошоците за образование;
- изучување **теми интересни за учениците и фокус на области релевантни за нивната кариера;**
- создавање **професионални контакти од страна на учениците и градење мрежа на познанства** во деловниот свет, што може да биде значајно при барањето работа по завршувањето на образованието;
- **поттик за самовработување** затоа што учениците преку практичната обука стекнуваат вештини неопходни за започнување сопствен бизнис, кои не би можеле да ги стекнат во училиштето.




## Зошто дуалното образование е важно за работодавците?

- ***Обезбедува кадар со стручни вештини и компетенции***, според нивните потреби, подготвен за работа веднаш по завршувањето на образованието.
- ***Создава функционално и пазарно ориентирано стручно образование*** за брз одговор од образовниот систем на промените на пазарот на трудот
- ***Ги доближува компаниите и организациите со образованието*** на локално и на регионално ниво за да се обезбеди квалитетно стручно образование и обука.
- ***Креира квалификации и образовни програми*** според потребите на работодавецот со негово директно учество.
- ***Го подобрува квалитетот на образованието*** со повратни информации од работодавецот до образовните институции за потребите на пазарот на трудот, што доведува до подобрување на наставните програми.
- ***Влијае врз намалувањето на трошоците за обуки на вработените***
- ***Овозможува доквалификација и преквалификација на кадарот*** според програмите за обука усогласени со барањата на компаниите
- ***Промоција на општествената одговорност на компанијата.***





## II. СТОЛБ НА ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Стопанската комора гарантира дека учениците добиваат квалитетна практична обука и ги стекнуваат неопходните знаења и вештини со што се зголемува вредноста на дуалното образование.**

Активното учество на Комората како бизнис заедница во стручното/дуалното образование подразбира:



- ***Вмрежување на стручни училишта и компании/ организации***

Комората контактира со компаниите и стручните училишта за нивна заемна соработка во делот на дуалното образование.

- **Верификација на работодавач за практично образование**




Компанијата мора да ги исполни општите услови и општиот стандард за опрема и просторни услови за реализација на практично образование на учениците и посебните нормативи и стандарди за просторните услови и кадарот во согласност со наставната програма која што се реализира кај нив.

Стопанската комора[1] организира посета на компанијата/ организацијата за условите, опремата, кадарот, и документацијата за реализација на практично образование, и врз основа на Записник издава **Решение за реализација на практично образование на ученици**

1 Стопанската комора на Северна Македонија формира комисија од три члена, која врши увид кај работодавецот. Еден од членовите на комисијата задолжително е од секторот на квалификацијата за која се реализира практичното образование.

- ***Сертифицирање ментор/и***

Еден или повеќе вработени (еден ментор може да надгледува максимум 5 ученика), кој компанијата ги номинира од редот на своите враотени, мора да помине тридневна стручно-дидактичка обука што ја организира Комората за да се стекне со основни педагошко-психолошки и методски знаења и вештини за работа со ученици. По успешно полагање на испитот, се стекнува со **Сертификат за ментор за практично образование на ученици.**




- ***Регистар за сертифицирани ментори и верифицирани компании за практично образование***

Вашите ментори и вашата компанија/организација мора да бидат запишани во Регистарот за сертифицирани ментори и верифицирани компании за практично образование.




Документи кои ќе го олеснат патот за вклучување во дуалното образование може да ги најдете на порталот Пракса.

# КОМПАНИИТЕ – КЛУЧЕН ПАРНЕР ВО ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**ВКЛУЧЕТЕ СЕ ВО ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ!!!**

## ЧЕКОРИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ

**1.**

*Поднесете иницијатива* до локалната самоуправа каде припаѓате како израз за вклучување во дуално образование, со „Изјава за сериозност од работодавачот", дека се обврзувате да учествувате во дуалното образование.

**2.**

*Потпишете Меморандум за соработка* со стручното училиште каде се дефинира рамката на соработка помеѓу работодавецот и училиштето.

**3.**

Со двата претходни чекора, кои треба да бидат целосно завршени до крајот на февруари во тековната година, името на вашата компанија станува дел од **Конкурсот за запишување на учениците во јавните средни училишта за наредната година.**

**4.**

Обезбедете услови за реализација на учење преку работа.

- **Работен простор за учениците** - каде ќе се реализира практично образование според стандардите согласно квалификацијата.
- **Средства за безбедност и заштита** – за учениците.
- **Надомест за ученичкиот труд** - регулирано во Договор согласно Закон.
- **Надомест за исхрана и превоз** - ако немате организирано превоз и храна, во согласност со актите на компанијата/организацијата.

**5.**

*Сертифицирајте ментор и верификувајте ја компанијата за реализација на практично образование.*[2] Стопанската комора ги верификува компаниите

2 **Практично образование** – збир на активности за стекнување знаења, вештини и компетенции, кое се организира како учење преку работа, феријална пракса кај работодавец и обука во установа за стручно образование и обука.

кои учествуваат во стручното и дуалното образование, осигурувајќи дека ги исполнуваат потребните стандарди и услови: стручен кадар за реализација на учењето преку работа, просторни услови, машини и опрема.

***Што понатаму?***

- По запишување на учениците во средните стручни училишта во дуалните паралелки, на почетокот на учебната година, координаторот за учење преку работа, ќе ве повика за распоредување на учениците за реализација на учење преку работа.
- Наставникот по практично образование, за учениците, ќе реализира општа обука за безбедност и здравје при работа.

**6.**

*Потпишете „Договор за реализација на практично образование на ученик кај работодавач" ученикот и стручното училиште* со кој ќе ги регулирате правата и обврските како компанија при реализизација на учењето преку работа.

**7.**

*Подгответе програма за реализација на учење преку работа* во соработка со наставникот по практично образование во стручното училиште, во согласност со наставната програма.







## III. УЛОГАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА ВОВЕДУВАЊЕ НОВА КВАЛИФИКАЦИЈА

Досега според потребите на пазарот на труд и со учество на компаниите/организациите преку Комората се изработени **78 квалификации** кои се реализираат преку дуалното образование во следниве сектори:

1. Геологија, рударство и металургија
2. Градежништво и геодезија
3. Графичарство
4. Економија, право и трговија
5. Електротехника и информатички технологии
6. Здравство и социјална заштита
7. Земјоделство, рибарство и ветеринарство
8. Лични и други услуги
9. Машинство
10. Сообраќај, транспорт и складирање
11. Текстил, кожа и слични производи
12. Угостителство и туризам
13. Хемија и технологија
14. Шумарство и обработка на дрво

Практичната обука и искуството на реално работно место, во компанија или во организација, за квалификациите што се стекнуваат преку дуалното образование се реализираат:

- во втора година - 4 часа неделно,
- во трета година - 8 часа неделно,
- во четврта година - 10 часа неделно.



Компаниите играат важна улога во приспособувањето на образованието според потребите на пазарот на трудот. Тие учествуваат во подготовката на:

1. *Стандардот на занимање*, во кој се опишуваат потребното знаење, вештините и компетенциите што треба да ги поседува ученикот за да биде способен да изведува работни задачи, должности и функции во рамките на занимањето.

2. Стандард на квалификација, во кој се дефинира што треба да знае и кои вештини и компетенции треба да ги поседува ученикот откако ќе ја стекне квалификацијата.

3. *Образовна програма*, во која стои што треба да учи ученикот за да ги постигне пропишаните знаења, вештини и компетенции за да извршува одредени работни задачи, должности и функции.

*Со учество во изработката на овие стандарди, Вие помагате во креирањето на образовните програми кои одговараат на специфичните потреби за вештини и компетенции на нивните вработени според нивните технолошки процеси и работни позиции.*




**Ако сакате да сте дел од креирањето на стандардите искажете го својот интерес во Комората. Ние ќе Ви помогнеме!**

# IV. ДРУГИ УСЛУГИ НА КОМОРАТА ЗА ПОДДРШКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

## Изработка на анализи за следење на состојбите за потребата од квалификации според региони, како основа за донесување релевантни решенија и заклучоци во областа на образованието

*Цел:* согледување на реалната состојба за потребата од квалификации по региони, по дејности и според сектори на квалификации за обезбедување релевантни квалификации

За изработка на анализи, потребна вашата поддршка, во која преку инструментите за изработка на анализи ќе ги прикажете реалните потреби од вештини и од квалификации, можноста за отворање нови работни места и учество во реализацијата на практичната обука на учениците.

## Изработка на нови образовни програми за стекнување квалификации и за креирање стандарди на занимања и стандарди на квалификации според потребите на компаниите

*Цел:* креирање нови квалификации и модернизирање на постојните квалификации според потребите на компаниите на локално и на регинално ниво.

Преку Стопанската комора, можете да побарате да се изработат нови стандарди на квалификации и нови образовни програми за квалификации според вашите потреби, кои ќе се изучуваат во средните стручни училишта на локално ниво и за посебни програми за преквалификација и доквалификација обуки на вработени и невработени лица.



## Вклучување на компаниите во хармонизирање на законската регулатива и во креирање на уписната политика

*Цел:* подобрување на образовниот систем за обезбедување квалификации во согласност со потребите на компаниите.

Со поддршка на Комората, со вашето вклучување во креирање на уписната политика на локално ниво и преку конкретни решенија за измена на законите од областа на образованието овозможувате да промовира функционално образование што одговара на вашите потреби за вештини и комптенции за лицата кои ќе ги вработувате.

## Платформа за сертифицирани ментори, верификувани компании и за ученици од стручни училишта

*Цел:* воспоставен транспарентен пристап до информации за ментори, за верификувани компании, за ученици и за средни училишта praksa.mchamber.mk

Процесот на обезбедување кадар може да тече доколку имаме навремени информации за сите учесници, што ќе се остварува преку заедничка платформа.

Затоа на платформата, Комората ги регистрира сите сертифицирани ментори и верификуваните компании за практично образование. Системот овозможува транспарентност, брза комуникацијата и подобрена соработка меѓу чинителите.




## Креирање посебни програми за побарувани вештини и занимања за подготовка на стручен кадар преку неформалното образование

*Цел:* брз и квалитетен начин на обезбедување стручен кадар и на краток рок

Стопанската комора, на Ваше барање, може да изработи посебни образовни програми за вештини и квалификации и да ја организира обуката каде практичната обука ќе се реализира во вашата организација како спој на теоријата и праксата.

# УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ ОД КОМПАНИИ ВЕЌЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ДУАЛНИОТ ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС



„Овој вид на образование и практична настава во компаниите, докажува постоење на обострана придобивка, која што има директно влијание на растот и развојот на кадарот во државата на долг рок, со што ќе ни овозможи квалитетен избор на кандидати за вработување во иднина.“

*Катерина Илиоска,*
*менаџер за човечки ресурси*

KAZ Group®



„Стручното и дуалното образование е добра приказна низ која посветенитеи примерни ученици веднаш доаѓаат до работа, а компаниите добиваат квалитетна работна сила, претходно проверена и обучена во сопствените работни оддели.“

*Васил Стамболиски,*
*регионален менаџер за обука*
*и претставник за квалитет*

EUROIMPEX




„Сметаме дека директното вклучување на учениците во процесите на производство преку учество во дуалното образование е еден, ако не и најуспешен начин да се придонесе за регрутирање на обучени кадри од наша страна.“

*Игор Стојановски,*
*Директор и ментор на ученици*
*за реализација на практична обука*

Pastel



„Професорите активно учествуваат во процесот на планирање и координација на практичната работа, обезбедувајќи континуирана поддршка и насоки за учениците. Нивната стручност и посветеност придонесуваат за квалитетот на обуката и помагаат учениците да ги надминат предизвиците со кои се соочуваат, што е еден од клучните фактори за успехот на оваа програма "

*Мартин Џамбаски, ментор*
*Хотел „Манастир", Берово*



„Со учество на обуката за ментори што ја реализираше Стопанската комора и стекнувањето на сертификат за ментор, ја исполнив мојата желба, од ученик кој реализира практична обука во компанија, да станам ментор на новите ученици во истата компанија и да им го пренесувам моето знаење, искуство, но и љубов кон професијата".

*Виктор Анѓелов, ментор*
*„Руен Инох Аутомобиле"*
*ДОО Кочани*

RUEN
INOX AUTOMOBILE




„Имаме за цел да ги поттикнеме младите луѓе да учат, но и да истражуваат. За време на учењето преку работа, учениците имаат слобода да го развиваат својот карактер во креативна средина, а најдобрите од нив, ќе добијат договори за вработување и директно ќе се вклучат во работниот процес каде ќе имаат можност да ги усовршуваат и да ги прошируваат стекнатите знаења".

*Лукас Мирингер,*
*генерален менаџер*
*„Дрекслермаер Манифактуринг*
*Македонија", Кавадарци*

DRÄXLMAIER

*Контакт лице:*
*Наташа Јаневска, проектен менаџер*
*тел: +389 72 204 860*
*natasa.janevska@mchamber.mk*

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

ОБРАЗОВАНИЕ ПО МЕРКА НА БИЗНИСОТ –
УЛОГАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА ВО ПРОЦЕСОТ